# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>29.07. 2011 год.<br>БРОЈ 6 ГОДИНА<br>46 | |
|---|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ МИСЛЕЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧЕБНАТА 2011-2012 ГОДИНА НА ОУ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање мислење на планот за изведување на училишните екскурзии и други слободни активности во учебната 2011-2012 година на ОУ „Св. Климент Охридски“ Охрид, , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.07.2011 год.

**Број 08 - 2244/3**
**28.07.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 7 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од Основните училишта бр. 10-4061/1 од 01.11.2010 година, член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.07.2011 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ МИСЛЕЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧЕБНАТА 2011-2012 ГОДИНА НА ОУ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ОХРИД**

**Член 1**

Се дава **позитивно мислење** на Планот за изведување на училишните екскурзии и други слободни активности во учебната 2011-2012 година, бр. 02-296/1 од 06.07.2011 година, на ОУ „Свети Климент Охридски“ Охрид .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2244/3**
**28.07.2011 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА –ДЕТСКА ГРАДИНКА „ЈАСНА РИСТЕСКА “ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работата на јавната општинска установа за деца –детска градинка „Јасна Ристеска “ Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.07.2011 год.

**Број 08- 2244/4**
**28.07.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.07.2011 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА „ ЈАСНА РИСТЕСКА“ ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2010/2011 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај за работа на јавната општинска установа за деца „ Јасна Ристеска“ Охрид за учебната 2010/2011 година .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2244/4** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.07.2011 год.** — **Претседател**
**О х р и д** — **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.07.2011 год.

**Број 08- 2244/5** — **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.07.2011 год.** — **Градоначалник,**
**О х р и д** — **Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 23 став 1 точка 3 и 4 и став 3 од Законот за угостителска дејност („Сл.весник на РМ“ бр. 62/04, 89/08, 115/10. и 53/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.07.2011 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ

**Член 1**

Се продолжува работното време на угостителеските објекти за исхрана без оглед на видот на угостителските услуги, за 2 часа во деновите:

- 29 и 30.07.2011 година
- 1,2,6,7,8.08.2011 година

**Член 2**

Работното време за угостителските објекти од член 1, се продолжува за 1 час во деновите :

- 12,13,19,20,26 и 27.08.2011 година
- 8,9,10.09.2011 година

**Член 3**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката бр. 07-1097/3 од 31.05.2007 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2244/5**
**28.07.2011 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески,с.р**

# С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за давање мислење на планот за изведување на училишните екскурзии и други слободни активности во учебната 2011-2012 година на ОУ „Св. Климент Охридски“ Охрид | 2 |
| 2. | Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работата на јавната општинска установа за деца –детска градинка „Јасна Ристеска “ Охрид | 3 |
| 3. | Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти | 4 |